# Република Северна Македонија
# Државен инспекторат за животна средина
# Скопје

[redacted]

ИП1 бр.15-213
16.10.2024г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Павел Шатев бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје** преку Државниот инспектор за животна средина Мите Начев со сл. легитимација бр.06-0012 врз основа на член 200 став 1 точка 6 и точка 9-б од **Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Македонија бр.53/2005...99/2018)** и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22) и Правилникот за видот и начинот на пресметката на трошоците на инспекцискиот надзор во животната средина (Службен весник на РСМ бр.223/2023), по извршениот **вонреден** инспекциски надзор на Ј.П. ДКО Дрисла Скопје во с. Батинци општина Студеничани, застапувано од одговорното лице Ненад Јосевски-Управител, во врска со постапување на правниот субјект согласно одредбите од Законот за животна средина и Законот за управување со отпад, а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот за констатација ИП1 бр.15-213 од 02.10.2024 год. и Извештајот од Испитувањето и лабораториска анализа на мострирани примероци вода од Депонија Дрисла-Скопје и р. Маркова Река бр.169/24 од 10.09.2024 год. а заради отстранување на недостатоците утврдени со записникот ИП1 бр.15-213 од 02.10.2024г. донесе:

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува Правниот субјект Ј.П. ДКО. Дрисла Скопје со деловно седиште на Бул. Илинден ББ Скопје, застапувано од управителот Ненад Јосевски-в.д. Директор :

- Да изврши плаќање на трошоците на постапката настанати за активностите спроведени за време на инспекцискиот надзор во животната средина на депонијата Дрисла во с. Батинци на 02.10.2024 год., направени за спроведени 4 (четири) анализи и мерења со акредитиранаата лабораторија за животна средина Еуромак-Контрол ДОО Скопје во износ од 80.000,00 ден.+ 14.000,00 ден. ДДВ (18%) или вкупно 94.400,00 ден.

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Павел Шатев бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

Во прилог на Решението се доставува копија од фактурата бр. 24-300-00463 од 19.09.2024 год. со датум на валута 18.11.2024 год.

- Рок на плаќање на фактурата е 60 дена.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина

3) Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспектор за животна средина Мите Начев со службена легитимација бр. 06-0012 од Скопје по преставка од граѓанин од с. Батинци, за испуштање на заматена вода од каналот за собирање и одведување на атмосферката вода од депонијата Дрисла во р. Маркова Река кај испустот на левата страна од патот за Марков Манастир под самата депонија, на ден 02.10.2024 год. во соработка со вработени од лабораторијата на Еуромак-Контрол Скопје изврши увид на посочената локација при што констатира дека по обилните врнежи дожд преку ноќта и претходниот ден на територијата на градот Скопје, од испустот на каналот за собирање и одведување на атмосферката вода од депонијата Дрисла во р. Маркова Река се испушта заматена вода со кафена боја. При тоа вработените во лабораторијата на Еуромак-Контрол зедоа примероци за анализа на водата од четири места и тоа : 1.) Од самиот испуст на каналот од депонијатан во Маркова Река, 2.) Од реката над испустот, 3.) Од реката под испустот и 4.) Од самиот канал за собирање и одведување на атмосферката вода, на 100 метри од долната ограда на депонијата Дрисла кај што се собира исцедокот од депонијата. При тоа е направена и фотодокументација.

Земените примероци на вода од сите четири места од страна на вработените во лабораторијата однесени се на анализа во лабораторијата на Еуромак-Контрол Скопје.

Државниот инспектор за животна средина на ден 02.10.2024 год. до Директорот на Депонија Дрисла Скопје достави Извештај од испитување бр.169/24 од 19.09.2024 год. од лабораториска анализа на мострирани примероци вода земени на 10.09.2024год. од од испустот на отпадна вода од каналот на Депонија Дрисла во р. Маркова Река.

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Павел Шатев бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

Мострирање на примероците вода е извршено на четири мерни места и од анализата се добиени следните резултати :

1) Првиот примерокот на отпадна вода од мерното место - канал на Депонија Дрисла пред влез во Маркова Река покажува надминување на следните параметри : (Табела бр. 1 ) - Суспендирани материи = 238,8 mg/l, а ГВЕ изнесува 35 mg/l; - БПК $_5$ = 68,12 mg/l, $O_2$ а ГВЕ изнесува 25 mg/l, $O_2$ ; - ХПК $_{kmno4}$ = 170,3 mg/l $O_2$ , а ГВЕ изнесува 125 mg/l $O_2$ ; - Вкупен органски Јаглерод = > 80 mgC/l, а ГВЕ изнесува 30 mgC/l; - Вкупни масла и масти = 10,125 mg/l, а ГВЕ изнесува 20 mg/l. ; - Сулфиди = 0,79 mg/l, а ГВЕ изнесува 0,1 mg/l.

Примерокот на водата е со кафено-жолта боја и со непријатен мирис.

2 ) Вториот примерокот на отпадна вода од мерното место - Маркова Река пред влив на каналот од Депонија Дрисла во Маркова Река ги покажува следните резултати: (Табела бр. 2 ) - Суспендирани материи = 11,2 mg/l, - БПК $_5$ = 15,28 mg/l ; - ХПК $_{kmno4}$ = 38,2 mg/l $O_2$ , - Вкупен органски Јаглерод = > 14,3 mgC/l, ; - Вкупни масла и масти = 1 mg/l,; - Сулфиди= < 0,1 mg/l. Примерокот на водата е без мирис и боја.

3) Третиот примерокот на отпадна вода од мерното место – Собирно од сите канали на Депонија Дрисла покажува надминување на следните параметри : (Табела бр.3 ) - Суспендирани материи = 505,2 mg/l, а ГВЕ изнесува 35 mg/l; - БПК $_5$ =38,48 mg/l, $O_2$ а ГВЕ изнесува 25 mg/l, $O_2$ ; - ХПК $_{kmno4}$ =96,2 mg/l $O_2$ , а ГВЕ изнесува 125 mg/l $O_2$ ; - Вкупен органски Јаглерод = 73,7 mgC/l, а ГВЕ изнесува 30 mgC/l; - Вкупни масла и масти = 63,125 mg/l, а ГВЕ изнесува 20 mg/l. ; - Сулфиди = 0,52 mg/l, а ГВЕ изнесува 0,1 mg/l. Примерокот на водата е со кафено-жолта боја и со непријатен мирис.

4 ) Четвртиот примерокот на отпадна вода од мерното место – После влив на канал на Депонија Дрисла-мешање ги покажува следните резултати: (Табела бр.4 ) - Суспендирани материи = 11,2 mg/l, - БПК $_5$ = 15,28 mg/l ; - ХПК $_{kmno4}$ = 38,2 mg/l $O_2$ , - Вкупен органски Јаглерод = > 14,3 mgC/l, ; - Вкупни масла и масти = 1 mg/l,; - Сулфиди= < 0,1 mg/l. Примерокот на водата е без мирис и боја.

Со тоа дејство е сторен прекршок **од III категорија казнив според член** 212-ж **став (1) точка 7) : Емисиите што се испуштаат или истекуваат во животната средина не се во рамките на определените гранични вредности утврдени со овој или друг закон или пропис донесен врз основа на закон**, од Законот за животна средина ("Службен Весник на Р.С.Македонија бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015, 39/2016, 99/2022 и 89/2022"), кој е спротивен на чл.20 став (1) од истиот Закон.

Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Скопје

[redacted]

**Правна поука : Против ова решение согласно член 84 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (** Сл. весник на РСМ. Бр. 99/22) и погоре наведениот правилник), се одлучи како во диспозитивот на решението.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-213 од 16.10.2024г.

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Павел Шатев бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Доставено до :**
- Архива
- Ј.П. ДКО. Дрисла Скопје
С. Батинци општина Студеничани

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Мице НАЧЕВ